**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 11.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 1665 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 29, 30, 31 март и 1, 4, 5 и 6 април 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 април 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
6. **Претходно изречена мерка: /**

*На 22.02.2022 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-41 од 22.02.2022 година) на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (24.02.2022 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 29, 30, 31 март и на 1, 4, 5 и 6 април 2022 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот целосно постапил по решението за изрекување мерка** – јавна опомена, односно - ја отстранил извршената повреда на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

ТВ Алфа од 18 март 2022 година, **почна да емитува нова верзија на „Величествениот“, играниот долгометражен серијал од турско производство, од која се отстранети сцените / глетките со насилство, адаптирана според класификациските критериуми од Втората категорија програма** пропишана со „Правилникот за заштита на малолетните лица“.

Адаптацијата уследи по јавната опомена за горенаведените прекршоци, и по консултациски состанок одржан по иницијатива на програмскиот уредник на ТВ Алфа, со цел емитувањето да продолжи во програмските термини по 10 часот (репризно) и по 16 часот (премиерно), а за таквата постапка радиодифузерот достави и одобрение (*арх. бр. 03-1090/3 од 25 март 2022 г.*) од „Националниот филмски фонд ДОО – Ниш, Р. Србија", имателот на материјалните права за прикажување на серијалот за регионот на Балканот.

| Наслов на емисијата | Датум на емитување | | Период на емитување | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај |
| „***Величествениот***" – играна програма, серијал; | 29 март 2022 г. | *реприза* | 09:58:53 | 11:11:02 |
| | | *премиера* | 16:18:05 | 17:28:25 |
| | 30 март | | 09:57:48 | 10:59:15 |
| | | | 16:16:03 | 17:22:56 |
| | 31 март | | 09:58:25 | 10:58:05 |
| | | | 16:12:45 | 17:23:40 |
| | 1 април | | 10:00:45 | 11:06:45 |
| | | | 16:15:00 | 17:25:53 |
| | 4 април | | 10:00:11 | 10:59:41 |
| | | | 16:11:04 | 17:22:27 |
| | 5 април | | 09:54:44 | 10:59:25 |
| | | | 16:13:51 | 17:24:57 |
| | 6 април | | 10:00:50 | 11:24:23 |
| | | | 16:09:44 | 17:20:45 |

Контролниот надзор беше извршен врз седум епизоди од адаптираната верзија на играниот серијал, емитувани во работните денови од крајната недела на март и почетната недела од април. Констатирано е дека аудиовизуелната целина е усогласена со критериумите од Втората категорија програма:

- *Втора категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател. Може да се емитуваат во текот на целото деноноќие, со препорака да се гледаат со надзор од родител или старател. Можен е опфат на посериозни теми: девијантно однесување, семејно насилство, расизам и слично, меѓутоа програмите во ниту еден случај не смеат да поттикнуваат, ниту пак во себе да вклучуваат каква било афирмација на девијантно однесување или на поведение навредливо за човековото достоинство. Не е дозволена пренагласена употреба на непристоен (вулгарен) говор. Неутрална, природна појавност на голо човечко тело е дозволена, меѓутоа без каков било вулгарен сексуален контекст. Описите, сцените и/или глеткките со еротика мора да бидат исклучително ретки и сосем ненагласени, дискретни и без вулгарни алузии. Дозволено е умерено прикажување насилство, но, без детали на суровост, оправдано во заплетот на сценариото, без да се нагласува присуството на вистинско оружје или на опасни техники за меѓучовечка пресметка.*

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***